## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1702-60/8 од 24.2.2014 година донесена на 73. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 24.2.2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *менаџмент* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во следниов состав:

- проф. д-р Круме Николоски, вонреден професор – претседател;
- проф. д-р Трајко Мицески, редовен професор - член;
- проф. д-р Методија Стојановски, редовен професор – член.

Професор д-р Круме Николоски и проф. д-р Трајко Мицески се вработени на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, а проф. д-р Методија Стојановски е вработен на Универзитет „Св. Климент Охридски” - Битола.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *менаџмент* на Економскиот факултет од 1 февруари 2014 г., во дневниот весник Нова Македонија и на официјалната веб-страница на УГД, се пријавија кандидатите д-р Маргарита Матлиевска и д-р Весна Танчева.

Потребни документи за кандидатите:

- Пријава;
- Диплома за одбранет докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
- Кратка биографија (во четири примероци);
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок на трудовите во оригинал доколку ги има);
- Уверение за државјанство.

**Д-р Маргарита Матлиевска**

Кандидатката ги достави следниве документи:

- Пријава;
- Диплома за одбранет докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
- Кратка биографија (во четири примероци);
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- Список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок на трудовите во оригинал;
- Уверение за државјанство.

*Биографски податоци*

**Д-р Маргарита Матлиевска** е родена на 22 мај 1965 година во Битола, Македонија. Средно образование завршува во 1983 година во Гимназијата „Јосип Броз - Тито“ во Битола. Во 1991 година дипломира на Шумарски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Д-р Матлиевска своето образование го продолжува на постдипломските студии на истоимениот факултет, каде што во 1996 година се стекнува со звање магистер на биотехнички науки со просечна оценка на студии 9,00. Се запишува на докторски студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. По полагањето на предметите „Основи на менаџмент” и „Менаџмент со човечки ресурси”, со просечна оценка 10,00 и одбраната на својата докторска дисертација од област менаџмент со наслов „Управување со процесот на изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија“, во 2006 година се стекнува со звање доктор на менаџмент.

Од 1997 до 2008 година, д-р Матлиевска била вработена во Министерството за животна средина и просторно планирање, како раководител на Одделението за билатерална и мултилатерална соработка и како помошник-раководител на Секторот за европска интеграција. Дел од нејзините задолженија се однесуваа на изработка на проектни апликации за обезбедување на финансиски средства, како и соработка со билатерални и мултилатерални организации - донатори. Учествува, координира и раководи многубројни проекти на Владата на Република Македонија, како и проекти финансирани од меѓународни и билатерални донатори. Меѓу нив се издвојува нејзиното учество како: координатор на Националната проценка за одржлив развој на Република Македонија, усвоена од Владата на Република Македонија (2002); член на работната група за одговарање на Прашалникот на Европската комисија (Влада на Република Македонија, 2005); член на Управен комитет на Проектот TCP/MCD/3002 (A) финансиран од FAO (2006); член во Проектот за приближување на националното законодавство со законодавството на ЕУ (во рамки на програмата PHARE 99, 2003-2004); во 2005 и во 2009 година - член на работната група за изработка на националните извештаи на Република Македонија во постигнување на Милениумските развојни цели (усвоени од страна на Владата во 2005 и во 2009 година); член на работната група за социјална политика и вработување за подготовка на националната програма за усвојување на правото на Европската унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската унија („Службен весник на РМ“, 2006 г.), како и експерт за одржлив развој на Република Македонија во “Sustainable Development Strategies in Europe” (Европска комисија, 2008 г.). Била вклучена и во проекти од програмите CARDS и Tempus.

Во 2004 и во 2005 година, д-р Матлиевска била избрана да посетува обуки за преговарање и за тренер во тренинг-центар за европска интеграција, за што е добитник на сертификати за постигнување. Овие обуки беа организирани од страна на Институтот за постдипломски европски студии при Колеџот на Европа во Бриж. Д-р Матлиевска има завршено и обука за менаџмент со човечки ресурси организирана во рамки на Проектот за централна влада (финансиран од USAID, 1998).

Д-р Маргарита Матлиевска е национален претставник на Македонија во Комисијата за одржлив развој на Обединетите нации.

Практичното искуство стекнато низ менаџирањето и учеството во бројните национални и меѓународни проекти, успешно завршените обуки за менаџирање, како и вклученоста во исклучително значајните процеси за Македонија, претставуваат поттик д-р Матлиевска да се определи за идни научни истражувања во областа на менаџментот.

Од 2008 година д-р Матлиевска е вработена како доцент по менаџмент на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на Катедрата за менаџмент.

*Наставно-образовна дејност*

Од изборот во доцент на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, д-р Маргарита Матлиевска за потребите на наставата на Економски факултет е еден од авторите на:

1 Деловна комуникација (е-скрипта, рецензирана);
2 Економика на претпријатија (практикум и скрипта од предавања, интерни, е-издание);
3 Основи на здравствен менаџмент (скрипта од предавања, интерна, е-издание).

Д-р Маргарита Матлиевска се јавува и како ментор на прв и втор циклус студии. Ментор е на успешно одбранет магистерски труд и е член на Комисија за одбрана на шест магистерски труда.

Ментор е и на повеќе од седум успешно одбранети дипломски работи и е член на комисија на повеќе од седум успешно одбранети дипломски работи на студенти од прв циклус студии на Економски факултет.

Д-р Маргарита Матлиевска била рецензент на еден наставник и четири соработници на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Предмети што ги предава на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип:

*Прв циклус студии:*

Економски факултет

1. Економика на претпријатие
2. Основи на здравствен менаџмент
3. Меѓународен менаџмент
4. Економија на животната средина
5. Менаџмент на мал бизнис
6. Одржлив развој
7. Конфликт менаџмент
8. Современи здравствени политики
9. Економија на внатрешна трговија
10. Деловна здравствена комуникација
11. Стрес менаџмент

Факултетот за природни и технички науки

- Економија на мали бизниси

Факултетот за туризам и бизнис логистика

- Маркетинг на пазарот

*Втор циклус студии:*

Економски факултет

- Стратегиски менаџмент

***Научноистражувачка дејност***

Д-р Матлиевска својот научен интерес во областа на менаџмент го продлабочува на докторските студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, каде што во 2006 година ја одбранила својата докторска теза со наслов „Управување со процес на изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија“.

Во научноистражувачката дејност д-р Матлиевска се афирмира преку учество и презентација на научни и стручни трудови на конгреси, конференции и симпозиуми во земјава и во странство. Нејзиниот научноистражувачки интерес е насочен кон областа менаџмент, а во негови рамки особено истражува за: стратешки менаџмент, менаџмент во администрација, менаџмент со човечки ресурси, меѓународен менаџмент, менаџмент со системи, деловно комуницирање и одлучување. Таа истражува и за начинот на менаџирање со системот за заштита на животната средина, а и за одржливиот развој.

Во периодот меѓу двата избора д-р Матлиевска се јавува како автор и коавтор на повеќе научни трудови.

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија:***

**1. Matlievska, M.** (2013). Ozone depleting substances elimination management: The success story of Macedonia. *Journal of Process Management – New Technologies, International, 1(2), pp. 27-34.* Уникатниот начин на менаџирање со елиминацијата на супстанциите кои ја

осиромашуваат озонската обвивка во Македонија е претставен во овој труд. Истражувањето опфаќа период од 15 години со акцент на спроведувањето на проектите во Македонија што резултираше со речиси целосна елиминација на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка. Со добиените резултати и заклучоците од истражувањето се потврди првичната хипотеза дека со адекватен менаџмент, со адекватно планирани, координирани и спроведени мерки, количеството на овие супстанции драстично се намалува.

**Matlievska, M.** & Petrevska, B. (2013). *Managing environmental policy for tourism development. Journal of Process Management - New Technologies, 1(1), pp. 65-72.* Почетна хипотеза на трудот е дека менаџирањето со политиките во областа на заштита на животната средина е предуслов за развој на туризмот како стопанска гранка која има големо влијание на националната економија. Трудот дава приказ на меѓународните стандарди во менаџирањето со оваа област преку нивна теоретска анализа. Преку истражувањето се потврдува тезата дека постои основа за интегриран менаџмент со животната средина во насока на развој на туризмот.

Petrevska, B. & **Matlievska, M.** (2013). Managing economic development by tourism contribution: Empirical evidence. *Journal of Process Management - New Technologies, 1(2), pp. 35-41.* Соодветното менаџирање со една стопанска гранка би можело да го динамизира економскиот развој. Овој труд се осврнува на економското влијание на туризмот во Македонија и прави обид да го процени неговиот придонес за развој на националната економија. За таа цел, применета е компаративна анализа на неколку општоприфатени економски параметри, а податоците се истражувани во два периоди: 1991 – 2000 г. како период веднаш по осамостојувањето на Македонија и 2001 – 2010 г. како период доволно голем да се набљудуваат првите резултати. Истражувањето резултира со заклучокот дека туризмот има скромен придонес во економскиот развој и ја подвлекува потребата од менаџмент со соодветно избрани мерки и активности, со што би се подобрила сегашната состојба.

**Matlievska, M.** (2012). FDI's Attracting - the Case of the Republic of Macedonia. *BH Economic Forum, 04/201, pp. 243-258.* Во овој труд е направен преглед и дескрипција на аспектите врз чијашто основа Македонија менаџира со политиката на привлекување на странски директни инвестиции. Истражени се институционалните механизми и правната рамка која ја регулира оваа особено значајна проблематика. Со направеното истражување станува евидентно дека во последната деценија Македонија постигнала значајни резултати во подобрување на деловното опкружување во земјава. Сепак, заради недоволниот обем на странските директни инвестиции во земјава, постои потреба од преземање на поширока палета на мерки и активности.

Dzamtoska-Zdravkovska, S., **Matlievska, M.** & Denkova, J. (2013). Internal communication as a precondition for successful management - theoretical approach. *Journal of Process Management – New Technologies, International, 1(2), pp. 96-101.* Овој труд ја застапува тезата дека во с'ржта на сите менаџмент функции е процесот на комуникација. Во трудот се презентирани теоретските гледишта поврзани со виталната важност на комуникацијата како интегрален дел од управување со организациите. Особен нагласок во истражувањето е даден на интерната комуникација како суштинска за управување и ефикасно функционирање на една организација, но и на надворешната комуникација како значајна за развој на организацијата. Направеното истражување на различните теоретски толкувања на менаџментот упатува на потврдување на стартната истражувачка хипотеза дека комуникацијата, сфатена како проток и споделување на информации, може да придонесе кон подобрување на оперативноста на организациите.

Denkova, J. and **Matlievska, M.** (2012). HRM in public administration (Case study: Effects of the Public Administration Reform in the Republic of Macedonia). *International Journal of Business and Management Studies. pp. 27-38.* Управувањето со човечките ресурси е нераскинлив дел од она што е опфатено под поимот „менаџмент". Во трудот се акцентирани ефектите од реформата на јавната администрација поврзани со менаџментот со човечките ресурси. Базирано врз мултидисциплинарен приод и со примена на повеќе истражувачки техники, направеното истражување насочува кон заклучокот дека управувањето со човечките ресурси се смета за потенцијално корисен, но недоволно сериозно спроведен концепт.

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир* (во странство)**

**Матлиевска, М. &** Цамтоска-Здравковска, С. (2013). Управување со димензиите на одржливоста како детерминанти на одржливиот развој. *Зборник на научни трудови, IV Меѓународна научна конференција, корпоративен меѓународен славјански универзитет "Г.Р.Державин" - Свети Николе – Р.Македонија „Меѓународен дијалог Исток – Запад (култура, славјанство и економија" Свети Николе, 2013. pp. 544-549.* Соодветното менаџирање со димензиите на одржливоста е клучно за постигнување на одржлив развој. Овој труд особено се осврнува на економската, еколошката, социјалната и етичката одржливост како одредници кои го профилираат одржливиот развој. Во трудот е елаборирана неопходноста од соодветно менаџирање на сите димензии на одржливоста, а уште повеќе, нивно менаџирање на интегрален начин. Трудот акцентира дека и пазарот и државата имаат значајна улога и влијание во процесот на менаџмент, со цел постигнување одржливост на развојот.

Nedanovski, P., Blinkov, D. and **Matlievska, M.** (2012). *Enforcement and compliance of environmental legislation in water sector in the Republic of Macedonia. BALWOIS Proceedings, pp. 660-674.* Трудот има за цел да прикаже на кој начин контролата, како една од менаџмент функците, влијае врз управувањето со заштитата на водите во Македонија. Соодветно, предмет на истражување на овој труд се спроведените инспекциски контроли во периодот 2004 – 2011 поврзани со спроведувањето на законите од секторот води и нивна деталнa анализа. Освен претходното, во трудот е направен преглед и приказ и на финансиските аспекти поврзани со спроведувањето на законите од оваа област. Од направеното истражување се изведува заклучок дека постои нагорен позитивен тренд во спроведувањето на законите, но и дека има простор за понатамошно подобрување.

**Matlievska, M**. (2012). Constitutional and legal base for sustainable development in Macedonia. *Conference Proceedings, 1st International Conference South-East European Countries toward European Integration, 20th October 2012. Elbasan, Albania, pp. 590-594.* Невозможно е да се менаџира одржливиот развој, доколку принципите врз кои е втемелен не се опфатени во актите кои го вообличуваат животот во земјата. Целта на овој труд е да ја претстави основата за водење на национална политика за одржлив развој во Македонија, преку експлорација на Уставот и дел од законодавството. Резултатите од истражувањето се дека во Македонија во истражуваните акти се вградени регули кои наложуваат обврска за спроведување на концептот на одржлив развој, што води кон заклучок дека Македонија го следи современиот тренд на водење опстојна политика на одржливост на развојот.

**Matlievska, M**. and Petrevska, B. (2012). Managing investment conditions: The case of Macedonia. *Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration, 20th October 2012. Elbasan, Albania, pp. 357-364.* Да се менаџираат условите за инвестирање – тоа е неизбежно доколку целта е привлекување на инвестиции со цел акцелерирање и динамизирање на економскиот развој на Македонија. Предмет на истражување се странските директни инвестиции (СДИ) како еден од основните предуслови за економски раст на секоја национална економија. Во трудот е презентирана улогата на владините мерки и политики како детерминанти и координати кои ја скицираат сликата на инвестицискиот потенцијал во земјата и како елементи со значителен импакт врз подобрувањето на инвестициската клима. Трудот, меѓу другото, ги анализира надворешната трговија, фискалниот сектор, работните односи и девизното работење како база за подобрување на инвестициските можности во Македонија. Резултатите од истражувањето упатуваат на генералниот заклучок дека Македонија го подобрува својат капацитет и својата оперативност во менаџирањето со странските директни инвестиции.

**2. Matlievska, M.** (2012). The Role of Fiscal Policy in Environment Protection, *Proceeding of the First International Conference for Business, Economy and Finance "From Liberalization to Globalization: Challenges in a Changing World" Stip, 3-5 September, 2012, pp. 381-388.* Стартна хипотеза при истражувањето е дека менаџирањето со инструментите на фискалната политика е начин кој придонесува за посериозен пристап во заштитата на животната средина. Целта на овој труд е да утврди дали фискалната политика на Македонија е во насока на заштита на животната средина. Последователно, предмет на истражувањето

е даночната политика и фискалните инструменти (царини, акцизи, субвенции) во функција на утврдување на нивната поврзаност со заштитата и унапредувањето на животната средина. Врз основа на добиените резултати се заклучува дека фискалните инструменти, по опфат и по обем, се соодветно разработени и во законите од сферата на фискалната политика, но и во Законот за животна средина, со што се дава основата за нивно натамошно зголемување и подобрување а со цел подобро менаџирање.

**Matlievska, M**. and Nikolova, E. (2012). *Legal Aspects of Environment Policies in the Republic of Macedonia. Сборник доклади от международна научна конференция, II, pp. 287-295.* „Еколошките" политики се дел од општественото живеење и како такви се регулирани со легислативата. Фокусот на истражувањето е ставен врз утврдување на принципите за заштита на животната средина како темел врз кој се гради „еколошката" политика во Македонија. Направеното истражување води до заклучокот дека правото на човекот на здрава животна средина, како едно од основните човекови права, е соодветно разработено во принципи за заштита на животната средина кои ги рефлектираат најновите достигнувања во оваа сфера.

**Matlievska, M**. and Denkova, J. (2012). Policies coordination in public administration in the Republic of Macedonia. *The IABPAD Conference Proceedings, 19-22 April 2012, Dallas Texas USA, pp. 729-749*. Координирањето (како една од менаџмент функциите) на јавните политики на одговорен и транспарентен начин, создава услови за стандардизиран процес на донесување одлуки – тоа е почетната хипотеза на овој труд. Предметот на истражување е троен: начинот на кој во Македонија се врши усогласувањето на националните стратешки документи со фискалната стратегија на земјата, механизмот кој овозможува усогласување на политиките од различни сектори со стратешките национални приоритети, како и учеството на јавноста во процесот на креирање политики. Истражувањето е направено со апликација на двата најсовремени и најшироко прифатени системи за проценка на јавните политики. Спроведената анализа води кон заклучокот дека во Македонија се спроведуваат овие системи. Но, детектирани се и определени недостатоци, за чие надминување во трудот се презентирани конкретни апликативни предлози.

**Matlievska, M**. and Denkova, J. (2012). Public Policies Management - Mission Impossible?-The Case of the Republic of Macedonia -*.In: International Journal of Arts and Sciences Conference, Harvard University campus, Cambridge, Massachusetts, USA, 27-31 May, 2012. Proceedings 5(2), pp.163-164*. Дали е можно менаџирање со јавните политики од различните области на општественото живеење со цел тие да се заемно поддржувачки, а не да се спротивставени и со спротивни цели? Тоа е прашањето на кое трудот се обидува да даде одговор на примерот на Македонија. Авторите го истражуваат степенот на апликација на интегриран и холистички приод во процесот на креирање на политиките. Како неопходност за сериозен менаџмент со политиките од јавен интерес се поставува прашањето на обезбедување нивна поголема кохерентност, изнаоѓање најдобри решенија, но и постигнување компромиси помеѓу различните интереси. Трудот ја презентира и потребата од транспарентност при образлагање на оправданоста  зошто определена политика е креирана на тој начин, како и неопходноста од следење и евалуација на дадената политика. Заклучокот од истражувањето е дека во Македонија, постоечкиот начин на менаџирање со јавните политики во голема мера придонесува кон посериозно планирање, координирање и нивно усогласување.

Petrevska, B. and **Matlievska, M.** (2012). Managing Regional Development: Empirical Evidence on Tourism Contribution. *In: First International Conference "South-East European Countries towards European Integration", 20 October, 2012, Elbasan, Albania, pp. 693-700*. Трудот се осврнува на можноста за управување со цел порамномерен регионален развој преку придонесот на туризмот. Во трудот се компарираат регионите опфатени со NUTS3 класификацијата од перспектива на туристичкиот потенцијал за регионален развој. Од направеното истражување се согледува дека југозападниот регион на Македонија е водечки статистички регион кога се зборува за туризам и регионален развој. Преку емпириско докажување се стигнува до фактот дека и покрај својот голем потенцијал, туризмот како стопанска гранка сè уште не го достигнал својот врв во овој регион. Затоа, трудот го препорачува ова истражување како доказ за можноста од подобрување на развојот во овој

регион преку туризмот, како и потребата од креирање на ефективна рамка за надминување на констатираните досегашни скромни резултати.

Nikolova, E., Gogova, M.,**Matlievska, M**. and Sajnoski, K. (2011). Selecting and assessing a target firm for an international merger or acquisition. *Conference Proceedings, Economics and Management in the 21st Century - Solutions for Sustainability and Growth, Volume3, pp. 479-563*. Да се менаџира една аквизиција или мерџер (форми познати во меѓународниот бизнис и менаџмент), не е воопшто лесно. Овој труд потенцира дека основната цел на секоја аквизиција и мерџер е водена од желбата и потребата да се опстане на пазарот и да се зголеми сопствената конкурентност. Во трудот, предмет на истражување се клучните чекори кои треба да се преземат пред да се дојде до мерџер или аквизиција: идентификување на фирма, нејзина евалуација и определување на нејзината вредност. При ова, во трудот детално се елаборирани и анализирани различните методи за одредување на вредноста на компанијата. Како резултат од истражувањето и како заклучно согледување, во трудот се поентирани прашањата на кои треба да се обрне исклучитено внимание и сериозност, а заради зголемување на веројатноста за подобро управување со мерџер или аквизиција.

**Matlievska, M.,**Temjanovski, R.,Sajnoski, K.,Paceskoski, V. and Nikolova, E. (2011). The influence of the legislation on the FDIs the case of the R. of Macedonia in the period 2001-2010. *D.A.Tsenov Academy of Economics - Svishtov. Vol. 6, pp. 289-300*. Во трудот стартна хипотеза е дека не е можно сериозно управување со бизнис климата во земјата, без закони кои би ја скицирале рамката за привлекување на странски директни инвестии (СДИ). Преку продлабочено истражување на законите од оваа сфера, како и преку анализата на странските директни инвестиции во Македонија во периодот 2001 – 2010 г. се стигна до заклучокот дека иако законодавството претставува фактор кој ја определува климата за инвестирање, сепак нејзиното влијание врз интензитетот на СДИ нема значајна предвидливост.

Nedanovski, P.,**Matlievska, M**. and Mitrevski, V. (2011). The legal framework and its influence on the scope and the structure of the FDIs – the case of the R. of Macedonia. *Conference proceedings, First REDETE Conference "Economic development and entrepreneurship in transition economies: A Review of Current Policy Approaches, pp. 680-688*. Conference proceedings, Ist REDETE Conference "Economic development and entrepreneurship in transition economies: A Review of Current Policy Approaches,Banja Luka, October 27-29, 2011. 680-688. Менаџирањето на политиките кои задираат во областа на привлекување странски директни инвестиции е предмет на истражување на овој труд. Истражени се обемот и структурата на странските директни инвестиции, како и влијанието на мерките кои Македонија ги презема во таа насока: од законите кои ја третираат таа проблематика, преку новоформираните институции до измените на процедурите. Со истражувањето е опфатен период од осум години. Резултатите упатуваат кон заклучокот дека легислативната рамка има свое определено влијание врз инвестициите; сепак, за поопстоен заклучок е потребна подлабока анализа.

**Matlievska, M**. and Nedanovski, P. (2011). Environmental protection as a factor for tourism development - nonfiscal goals of taxes. *In: Collection of scientific papers of The Second International Scientific Congress - Biennale "The influence of tourism on economic development". 27-29.04, Skopje, Macedonia, pp. 819-826*. Почетна хипотеза на трудот е дека даноците немаат единствено фискални цели; тие се и треба да бидат во функција и на социјална благосостојба, но и на заштита и унапредување на животната средина. Трудот става особен нагласок на менаџирањето со фискалните инструменти во насока на подобра заштита на животната средина. Истражувано е во доменот на фискалната политика, а предмет на истражување е присутноста и доволноста на фискалните инструменти директно насочени кон „еколошки" цели. Од истражувањето се заклучува дека во Македонија управувањето со фискалните инструменти е во согласност со есенцијалните функции за заштита и унапредување на животната средина.

Sajnoski, K., **Matlievska, M**.,Gaber, S., Miteva-Kacarski, E. and Nikolova, E. (2011). Global imbalances and the dollar. *In: Economics and Management in the 21st Century-Solutions for Sustainability and Growth. International Jubilee Scientific Conference, Vол. 1. Tsenov Academic Publishing House, Svishtov, pp.169-176*. Овој труд прави преглед на современите различни ставови за причините на глобалната нерамнотежа и укажува дека, помалку или

повеќе, тие ги рефлектираат интересите на вклучените актери во светските збиднувања. Фокусот на трудот е ставен врз тезата дека современата глобална нерамнотежа не може да се објасни без интерните причини за дефицит и надворешниот долг на САД. Во трудот се апострофира сомнежот дека користењето на доларот како светска валута е една од причините кои имаат свое влијание врз ваквиот тренд, бидејќи тоа генерира раст во дефицитот на тековната сметка на САД. Наедно, овој дефицит е непходен за да се создаде доволно ликвидни средства ширум светот. Анализата упатува на заклучокот дека е дојдено време кога доларот треба да се замени со пореална валута. Во овој контекст, трудот го актуализира предлогот да се креира банкор, со што би се придонесло кон глобална урамнотеженост, без појава на прекумерен дефицит и вишок во различни земји.

**Matlievska, M**. and Fotov, R. (2010). *The legislative aspect of sustainable development in Republic of Macedonia. In: Horizon 2020 to economic knowledge and businesses, 7-8 October, Svishtov, pp. 214-232*. Цел на овој труд е да ја претстави основата за водење и управување со националната политика кон постигнување на одржлив развој, како водечка современа филозофија и како концепт чијашто имплементација е императив за опстанок на човештвото. Трудот ја истражува инкорпорираноста на регули кои упатуваат на одржливост на развојот во Уставот на Македонија и во корпусот закони кој ја регулира сферата на заштита на животната средина. Спроведената анализа резултира со заклучокот дека и уставот и „еколошките" закони се во функција на обезбедување одржлив развој.

**Matlievska, M**. and Gjorgjeska, B. (2009). Managing water quality of Lake Ohrid. *In: Internatioanal Scientific Congress of Tourism and Management": „The Challenges and Perspectives of the Tourism and Management" , September 26-27, 2009, Skopje, Republic of Macedonia, pp.138-142*. Преземањето мерки и активности и соодветно менаџирање со што се подобрува квалитетот на водата е цел која доколку се исполни би се зголемил туристичкиот потенцијал на крајбрежјето на Охридското Езеро. Трудот ги анализира податоците од хемиските и микробиолошките испитувања во 2007 година и ги утврдува главните причинители на загадувањето. Целта е да се утврдат местата на охридското крајбрежје кои го заслужуваат епитетот „еколошки точки". Направеното истражување резултира со идентификување на тие точки и утврдува предлози за натамошно подобрување на управувањето со квалитетот на водата.

Ilieski, M. and **Matlievska, M.** (2008). "Tourism in the 21 century from the aspect of climatic and social changes, the future of tourism and trade law". *Proceedings of the International Symposium "Tourism in 21st century" (26 - 27. 09. 2008, Skopje), pp. 95-100*. Промените се константни во секоја сфера, но какво ќе биде нивното влијание врз туризмот во овој век е предмет на истражување во овој труд. Она што ќе има импакт, секако, се климатските промени кои несомнено драматично ќе влијаат врз општественото живеење на човештвото. Туризмот, како една од најразвиените стопански гранки, ќе биде засегнат можеби и повеќе од останатите. Овде се вбројуваат и новите технолошки достигнувања, како што е интернетот и лесната и масовната достапност кон него, кои целосно ја менуваат примената на трговското право во туризмот. Склучувањето на индивидуални трговски договори онлајн, иако многу поризично никој нема да може да го спречи. Туризмот ќе мора будно да ги следи овие промени. Направеното истражување упатува до заклучокот дека туризмот како гранка ќе има потреба од многу голема флексибилност и можност за брза адаптација на променливото опкружување.

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во земјава)***

**Матлиевска, М.** (2012). *Осврт на проектот „Спас на Дојранското Езеро". Зборник на трудови од Научно-стручна трибина на тема „Туризмот во Дојранскиот регион" 20.4.2012 г.,Дојран, Македонија, pp. 65-74*. Начинот на менаџирање со проектот „Спас на Дојранското Езеро" и резултатите до кои се стигна со неговото спроведување, се предмет на истражување на овој труд. Во трудот, детално се претставени фазите и опфатот на проектот, неговата цел, оправданоста за негово спроведување, како и надлежностите на институциите чијашто обврска беше негово операционализирање. Преку анализа на состојбите пред и по спроведувањето на проектот и по сумирањето на добиените резултати,

во трудот се заклучува дека заради начинот на кој се управуваше со спроведувањето на овој проект, односно заради добриот менаџмент, тој придонесе за амортизирање на заканата со која низа години се соочуваше Дојранското Езеро.

**Matlievska, M.** and Paceskoski, V. (2010). "Developing Spectrum Innovation for Survival and Success in the Global Economy". *International Conference „The Economy and Business in Post-Recession". Prilep, Macedonia.* Почетна хипотеза на ова истражување е дека преживувањето на фирмите на глобалната економска сцена која се менува на начин кој не може да се предвиди, не е можно единствено преку максимизација на профитот. Во трудот се застапува тезата дека способноста на фирмите соодветно да го модифицираат менаџирањето, преку измени на сопствениот бизнис-модел, културата и дистрибуцијата на моќта во процесот на креирање и донесување одлуки, се од витално значење за нивен опстанок. Исто така, трудот елаборира дека способноста на фирмите да создаваат вредност не произлегува само од понудените нови производи и услуги на потрошувачите. Како заклучок, во трудот се предлага нов приод со чијашто апликација би се постигнала двојна цел: би се овозможил опстанок на фирмата, а опфатот на создадената вредност би бил поголем.

***Прегледен труд:***

**Matlievska, M.** (2013). Управување со заштитата на животната средина - правно-аналитички аспекти на законот за животна средина. *Годишник на Правен факултет – Кичево, Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола, 2013, ISSN 1857-8756 – печатена верзија, ISSN 1857-8764 – електронска верзија, pp.65-86.* Овој прегледен научен труд детално разработува еден од начините на менаџирање со комплексниот систем на заштита на животната средина – преку легислативата која ја регулира оваа проблематика. Преку теоретска експлоративност и низ дескрипција на старите и новите прописи во Македонија и во Европската унија, во трудот е содржан приказ на промената на начинот на управување со заштитата на животната средина.

Д-р Матлиевска е член на уредувачки одбор и рецензент на научни трудови во меѓународно списание од областа на менаџмент:

– International Journal of Process Management and New Technologies, ISSN: 2334-7449.

Истовремено, својата стручност д-р Матлиевска ја докажува како рецензент на:

– пет научно-стручни трудови за "International Conference on Business, Economics and Finance - ICBEF", Stip, 2012;
– еден научен труд објавен во Годишниот зборник на Економскиот факултет во 2011 година.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во периодот меѓу двата избора, д-р Матлиевска е автор на стручна книгата објавена во земјава:

– **Матлиевска, М.** (2011). *Одржлив развој - нова глобална парадигма.* Монографија. Самостоен издавач, ISBN 978-9989-57-737-6.

***Стручни трудови објавени во зборник на трудови:***

**Матлиевска, М.** (2010). Тековни филозофии на развојот. *Годишен зборник 2010, Vol. 2, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, pp. 201-210.* Што е развој? Дали развојот се однесува и се мери единствено преку економскиот раст? Или развојот опфаќа и други елементи кои влијаат врз подобрување на севкупниот квалитет на живеење? Во напорот да се одговори на овие прашања, трудот ги рассветлува тековните концепти на развој, сублимирани во три филозофии: филозофијата на економски раст, филозофијата на длабока екологија и филозофијата на одржливост на развојот. Предмет на истражување се недостатоците и добрите страни на секоја од понудените филозофии. Резултатите од истражувањето покажуваат дека првите две филозофии се еднострани, ригидни, нецелосни и неконзистентни. Заклучокот е дека супрематот е во концептот на одржливост на развојот, кој се наметнува како водечки правец не само за опстанок, туку и напредок на човештвото.

**Матлиевска, М.** (2010). Конститутивните договори на Европската унија и нејзините стратегии низ призма на одржливиот развој. *Годишен зборник 2010, Vol. 2, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, pp.187-210*. Целта на овој труд е да се прикаже на кој начин Европската унија управува со одржливоста на својот развој. Во тој контекст, предмет на истражување на овој труд се договорите со кои се конституира Европската унија и кои ја определуваат насоката на нејзината генерална политика (Договорот од Рим, од Мастрихт, од Амстердам, од Ница итн.). Од истражувањето се согледува еволуцијата во регулирањето на заштитата на животната средина, потребата од нејзина интеграција во економскиот развој и стигнувањето до концептот на одржливост на развојот. Наедно, овој труд прави и преглед на изработените стратегии за одржлив развој во земјите-членки на Унијата, како и на националните тела кои ги советуваат највисоките државни органи на земјите-членки за прашања од сферата на одржливиот развој. Со тоа се стигнува до заклучокот дека Европската унија на свој специфичен начин управува со цел да обезбеди одржливост на нејзиниот развој.

Во својата досегашна кариера д-р Матлиевска има учествувано во многубројни проекти од кои се евалуирани само оние кои се реализирани во периодот меѓу двата избора.

***Проекти во земјата:***

Report on the Progress Towards the Millenium Development Goals, Government of the Republic of Macedonia, 2009.

***Проекти во странство:***

– Sustainable Development Strategies in Europe, Council of Europe, 2008.

Д-р Матлиевска се истакнува и со експертиза.

***Експертиза во странство:***

– Национален координатор за одржлив развој во Комисијата за одржлив развој на ООН (National Focal Point for Macedonia on Sustainable Development, United Nations Commission for Sustainable Development), 2009 - продолжува.
– Експерт од Македонија за одржлив развој наведено во “Sustainable Development Strategies in Europe”, Council of Europe, 2008.

***Експертиза во земјава:***

– Член на работна група за изработка на Извештај на напредокот кон Милениумските развојни цели, Влада на Република Македонија, 2009.

За својот научен придонес и ангажман, д-р Матлиевска е добитник на научни и стручни награди и признанија, меѓу кои особено се истакнуваат наградите за истражување добиени во 2012 година на конференциите одржани во Кембриџ (САД) и во Далас (САД).

***Признанија во земјата:***

1. Номинација од Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Македонија за National Focal Point for Sustainable Development, United Nations Commission for Sustainable Development, 2012 - continuous.
2. Претставник на Македонија во Комисија за одржлив развој на ОН (National Focal Point for Sustainable Development, UN Commission for Sustainable Development), 2009 – продолжува.
3. Сертификат за учество на 4-та меѓународна научна конференција, Меѓународен славјански универзитет, 19.4.2013 г.
4. Certificate, First International Conference on Business, Economics and Finance (ICBEF), 13-15.9.2012.

5. Сертификат за завршена почетна обука за проценувач на вредноста на добрата и влијанијата врз животната средина, Министерство за животна средина и просторно планирање, 16.7.2012.
6. Certificate, 2nd Biennial International Scientific Congress, “The Influence of Tourism on Economic Development”, 27-29.4.2011.

***Признанија во странство:***

1. Research Award, International Academy of Business and Public Administration Disciplines, Dallas Texas, USA, 19-22.04.2012. Research Award, International Academy of Business and Public Administration Disciplines, Dallas Texas, USA, 19-22.04.2012.
2. Certificate for Outstanding Research Presentation, International Conference for Academic Disciplines, International Journal of Arts and Sciences, Harvard Campus in Cambridge, 27-31.05.2012.
3. Service Award for Session discussant, International Academy of Business and Public Administration Disciplines, Dallas Texas, USA, 19-22.04.2012.

Д-р Маргарита Матлиевска од 2008 година па наваму е член на Наставно-научниот совет на Економски факултет – УГД во Штип.

Научноистражувачката, наставно-образовната и стручно-апликативната работа на д-р Маргарита Матлиевска до 2008 година кога е избрана за доцент по менаџмент на Економски факултет е наведена и евалуирана од страна на рецензентска комисија и објавена во „Универзитетски билтен“ број 12 од 27 октомври 2008 г.

**Д-р Весна Танчева**

Кандидатката ги достави следниве документи:

1. Пријава;
2. Диплома за одбранет докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
3. Кратка биографија (во четири примероци);
4. Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
5. Уверение за државјанство;
6. Список на објавени научни и стручни трудови. Кандидатката достави два примерока од трудовите во фотокопирана форма и за истите недостасува списанието каде што се објавени трудовите, односно содржината на списанието.

***Биографски податоци***

**Д-р Весна Танчева** е родена на 27 јуни 1974 година во Прилеп, Република Македонија. Гимназија завршува во периодот 1988-1992 г. и се запишува на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид при Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола, каде што се стекнува со диплома за дипломиран организатор по туризам и угостителство. Во 1996 г. се запишува на постдипломски студии на истиот универзитет на Факултетот за туризам и угостителство. Магистрира во 2000 г. и се стекнува со научен степен магистер на науки од областа на туризмот и угостителството.

Во периодот 2003-2007 г. студира на Филолошки факултет „Блаже Конески” при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, Република Македонија. Во 2007 се стекнува со диплома дипломиран професор по англиски јазик и книжевност.

Во периодот 2008-2010 г. на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје се стекнува со научен степен доктор на економски науки.

Последното работно место на кандидатката д-р Танчева е наставник по англиски јазик во ООУ „Видое Подгорец“ во Ново Село, Република Македонија. Во периодот 2007-2010 г. работи како соработник (асистент) за група предмети од областа на туризмот и угостителството. Подоцна работи и како наставник (предавач) за туризам, угостителство, гастрономија и економија на Академија за гастрономија при МИТ универзитетот – Скопје, Република Македонија. Во 2012 г. е назначена за декан на Академија за гастрономија.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Објавените трудови на кандидатката д-р Весна Танчева се од областа на туризмот, гастрономијата и хотелиерството. Од овие причини Рецензентската комисија не врши евалуација на трудовите, бидејќи не се поврзани со научните дисциплини кои се изучуваат на Економски факултет – Штип. Кандидатката д-р Весна Танчева има издадено и учебници и учебни помагала за кои Комисијата цени дека не се поврзани со областа за која се врши изборот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од Извештајот и приложените документи Рецензентската комисија смета дека кандидатката д-р Маргарита Матлиевска ги исполнува законските и суштинските критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, за да биде избрана за наставник во наставно-научно звање вонреден професор од наставно-научната област *менаџмент* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Кандидатката д-р Весна Танчева не ги задоволува барањата од Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Имено, кандидатката д-р Маргарита Матлиевска има докторат од областа во која се врши изборот, наставно искуство, објавени книги, научноистражувачки и стручни трудови со оригинални резултати од областа во која се врши изборот, во меѓународни и домашни списанија. Д-р Матлиевска учествува со оригинални трудови од областа на менаџмент на меѓународни конференции и е добитник на награди за научно истражување. Таа има и практично искуство во менаџирање преку раководење и учество во научноистражувачки и стручни, меѓународни и национални, проекти. Успешно одржува настава на прв и втор циклус студии и била ментор на одбранет магистерски труд, и на повеќе дипломци. Нејзиниот придонес е и во оспособувањето на соработници. Со наведеното ја докажува својата соодветност и стручност.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере кандидатката д-р Маргарита Матлиевска во наставно-научното звање вонреден професор за наставно-научната област *менаџмент* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Круме Николоски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Мицески, член, с.р.**
**Проф. д-р Методија Стојановски, член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на Маргарита Матлиевска, доктор по менаџмент, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за периодот 2008-2013 година**

| Ред. бр. | **Наставно-образовна дејност (НО)** | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Позитивно рецензирана скрипта од предавања:<br>Деловно комуницирање | 1 | 8 | 8 |
| 4 | Интерна скрипта и практикум од предавања:<br>Економика на претпријатие<br>Основи на здравствен менаџмент | 2 | 4 | 8 |
| 12 | Ментор на одбранет магистерски труд | 1 | 3 | 3 |
| 14 | Ментор на одбранета дипломска работа | 7 | 1 | 7 |
| 16 | Член на комисија за одбранета магистерски труд | 6 | 1 | 6 |
| 17 | Член на комисија за дипломска работа | 7 | 0.2 | 1.4 |
| 25 | Предавања (неделен просечен фонд часови во двата семестра во изборниот период)<br>Економика на претпријатие<br>Основи на здравствен менаџмент<br>Меѓународен менаџмент<br>Економија на животната средина<br>Менаџмент на мал бизнис<br>Одржлив развој<br>Конфликт менаџмент<br>Современи здравствени политики<br>Економија на внатрешна трговија<br>Деловна здравствена комуникација<br>Стрес менаџмент<br>Економија на мали бизниси<br>Маркетинг на пазарот | 40 | 1 | 40 |
| 27 | Одржани предавања (или консултации) и вежби на втор циклус студии по одржан курс<br>Стратегиски менаџмент | 2 | 1 | 2 |
| 30 | Рецензент на соработници и наставници | 5 | 1 | 5 |
| | **Вкупно НО:** | **80.4** | | |
| Ред. бр. | **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | |
| 3 | Прегледен труд<br>(реф. 26) | 1 | 5 | 5 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати објавени во научно списание<br>(реф. 1-6) | 6 | 3 | 18 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир<br>во земјава (реф. 24-25)<br>во странство (реф. 7-23) | 2<br>17 | 1<br>2 | 2<br>34 |
| 15 | Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 1 | 1 |
| 21 | Признанија за научни постигнувања<br>во земјава<br>во странство | 6<br>3 | 5<br>10 | 30<br>30 |
| 23 | Рецензент на научни трудови | 6 | 1 | 6 |
| | **Вкупно НИ:** | **126** | | |

| Ред. бр. | **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Книга (монографија)<br>Одржлив развој – нова глобална парадигма | 1 | 10 | 10 |
| 6 | Труд објавен во зборник на трудови<br>(реф. 27 и 28) | 2 | 2 | 4 |
| 13 | Учесник во научен проект<br>во земјава<br>во странство | 1<br>1 | 5<br>8 | 5<br>8 |
| 28 | Член на факултетски орган | 1 | 2 | 2 |
| | **Вкупно САОР:** | **29** | | |
| | **Вкупно: НО + НИ + САОР** | **80.4 + 126 + 29 = 235.4** | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев"-Штип на 73.Седницата, одржана на 24.2.2014 година, донесе Одлука бр. 1702-60/16 од 24.2.2014 година за формирање на Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавени кандидати по Конкурсот објавен на 1.2.2014 година за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ***финансии*** на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во состав:

- проф. д-р Благоја Наневски – област финансии (претседател);
- проф. д-р Томе Неновски– област финансии (член);
- проф. д-р Ристо Фотов -област финансии (член).

На распишаниот Конкурс објавен во весникот „Нова Македонија" на 1.2.2014 година за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област ***финансии*** на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, како единствен кандидат за разгледување на рецензентската комисија е доставена пријавата на кандидатот **доц.д-р Крсте Шајноски**.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатот **доц.д-р Крсте Шајноски,**според распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи: 1.Пријава; 2.Универзитетска диплома за доктор на економски науки (оригинал итри копии заверени на нотар); 3.Кратка биографија (CV) (четири примероци); 4.Потврда за познавање на странски јазик заверена на нотар; 5.Уверение за државјанство; 6.Список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од истите и 7.Еден примерок од докторскиот труд.

По разгледувањето на приложената документација, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Крсте Шајноски** е роден на 3 август 1973 година во Охрид. Во Скопје завршува основно образование и средно економско образование, како и Економски факултет – насока Финансии и банкарство.

По завршувањето на високото образование се вработува како новинар во Телевизија „Телма". Во телевизијата, како новинар, следел настани од економска проблематика, со акцент на финансиското и банкарското работење во земјава. Паралелно работи и како соработник во економската редакција на Американска радио мрежа „Радио слободна Европа". Работејќи како новинар ги положил испитите на постдипломските студии на финансиски менаџмент во Економскиот институт во Скопје и во 2006 година ја одбранил магистерската теза „**Влијанието на банките врз берзанските движења во Република Македонија-скок на акциите во 2005 година**".

Три години подоцна, под менторство на проф. д-р Благоја Наневски ја подготви и на 24 април 2009 година во Економскиот институт во Скопје ја одбранил докторската дисертација на тема **„Потреба и можности за унапредување на пазарот на долгорочни хартии од вредност во финансирањето на развојот на Република Македонија".**

Покрај академското, остварил и дополнително стручно образование. Во 2006 година, во Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, го положил стручниот испит за вршење на работи со хартии од вредност во Република Македонија и се стекнал со лиценца на брокер, а во 2007 година го положил и испитот за инвестициско советување и се стекнал со лиценца инвестиционен советник.